

## ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

Во 1969 година Македонската православна црква, македонската држава и македонскиот народ достојно го одбележаа 1100-годишниот јубнлеј од смртта на сесловенскиот и рамноапостол свети Кирил Солунски, авторот и творецот на словенската азбука и темелоположителот на нашата писменост. Во таа година одлучено е Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква да испраќа своја поклоничка група во Рим заедно со државна делегација во базиликата посветена на свети Климент Римски каде што мирува телото на свети Кирил Солунски, Константин Фнлозоф, како што веќе го викаа во Магнаур, заради бистрината на умот и заради логичноста на мислењето.

Кај македонскиот народ отсекогаш било длабоко и искрено почитувањето на свети Кирил Солунски и неговиот брат св. Методиј. Нашите прадедовци и дедовци на нив им се обраќале молитвено за закрила и духовно раководство речиси секојдневно, а не само кога бил денот на нивниот празник. Ги споменувале за да се потсетат какви светители стојат во нивното црковно и национално битие. Им се мoлеле за духовна поткрепа и светлина тогаш кога нивните непријатели биле жестоки и кога сопствените сили им биле при крајот, тогаш кога темнината била ужасна, а надежта на умирање. И тогаш кога ропството и гневот биле неподносливи светите браќа и нивните ученици им боскотеле во мракот и ја поткрепувале нивната вера во посветла и поубава иднина.

Денес кога ги обновуваме древните црковно-народни трздиции, кога е обновена Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква, кога на најсвечен начин ги прославуваме јубилеите на нашите црковни и народни великани, одлуката за поклонички патувања, во период од четириесетина години, пред гробот на

сесловенскиот апостол, е одлука на чувството на благодарност и пиетет кон свети Кирил. Тој ги посејал првите семиња на словенската писменост, која станала движечка и животворна сила за сите словенски народи. Светите браќа ги развиле своите духовни дарби и створиле дело од непроценлива културно-уметничка вредност, што претставува голем придонес во духовната и културната ризница, не само за македонскиот и другите славјански народи, туку и за човештвото во целина.

На 14 февруари 1969 година се навршија 1.100 години од блажената смрт на свети Кирнл Солунски. На тој ден во базиликата „Свети Петар” се отслужи концелебрација (сослужение) во слава на просветителското дело на свети Кирил Солунски. Во таа имлозантна катедрала посветена на првиот Христов апостол, кој, исто така, како и свети Кирил Солунски, дошол од Исток во илјадалетниот град, или градот на вечноста - Рим, за да го проповеда христијанското учење. Свети Кирил Солунски дошол да го брани тоа учење, да докаже дека може да се проповеда и на јазикот на Словените, а не само на елински (грчки), латннски и еврејски, како што дотогаш се верувало. Дошол кај поглаварот на западните христијани пред единаесет векови и бил разбран, и оттогаш христијанската вера се проповеда и на словенски јазик.

На концелебрацијата што ја одржаа словенските бискупи, присуствуваше и делегација од Република Македонија и тоа: делегацијата на Македонската православна црква којашто ја сочинуваа митрополитите преспанско-битолски г. Климент, американско-канадско-австралиски г. Кирил и протоереј ставрофор г. Климе Малевски, во делегацијата на Извршниот совет на СР Македонија беа: д-р Иван Катарџиев и Владо Малески, а делегацијата на Македонската академија на науките и уметностите и на Универзитетот во Скопје, кој од 24 април *1969* година го носи името „Кирил и Методиј” а денес - „Свети Кирил и Методиј” ја сочинуваа академикот проф. д-р Харалампие Поленаковиќ и проф. Фрањо Бачиќ.

Светата литургија во црквата „Свети Петар” ја служеше светиот отец папата Павле ВИ, со учество на четириесетина кардинали, кои служеа на словачки јазик, а присуствуваа околу S(K) поклоници од Чехословачка. По литургијата папата Павле VI одржа слово за животот и делото на свети Кирил Солунски на италијански јазик. По таа боженствена богослужба, на којашто покрај поклониците присуствуваа и бројни туристи, папата Павле VI ја поздрави македонската делегацијаи во разговотот со претставниците од Македонија изрази благодарност за присуството на концелебрацијата.

Истиот ден попладне на гробот на свети Кирил Солунски, во базиликата „Свети Климент Римски”, македонската делегација му оддаде почит на личноста и делото на свети

Кирил, изразувајќи благодарност што јазикот на македонските Словени го издигнал на степен на книжевен јазик, прифатен од сето словенство. Во таа пригода, делегацијата на Македонската православна црква отслужи молебен, а делегацијата на тогашниот Извршен совет на СР Македонија положи венец од името на благодарниот македонскм народ со натпис: *„На Кирил Солунски, сесловенски просветител, со израз на благодарност од македонскиот народ”.* Исто така, делегацијата на МАНУ и Скопскиот универзитет положија венец во името на Советот на академиите на тогашна Југославија и на заедниците на тогашните југословенски универзитети. Потоа повелбата беше прочитана на македонски и на латински јазик.



Треба да се одбележи дека папата Павле VI ги дочека делегациите на словенските народи со иста срдечност, со каква што беа пречекани словенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј, од папата Адријан II. Делегацијата на Македонија, пак, беше дочекана од претставникот на тогашна СФРЈ при Светата столица г. Вјекослав Цврље, кој организира прием во чест на македонската делегација.

На приемот присуствуваа високи личности од црковниот, политичкиот и културниот

живот на италијанската престолнина, меѓу кои кардинали и бискупи при Ватикан и при Секретаријатот за единство на христијаните. На таа заедничка трпеза, меѓу другите, присуствуваше и кардиналот д-р Фрањо Шепар, префектот на Конгрегацијата за верски доктрини на Ватикан, како и надбискупот д-р Вилибрандс, прв секретар на Секретаријатот за единство на христијаните при Светата столица.

Престојот на делегацијата од Македонија беше видно одбележан во тамошните средства особено по двете прес-конференции, најнапред со претставниците на италијанската агенција АНСА, а потоа со директорот на списанието за информирање *„Релационе религиозе”.* При тоа на делегацијата и беше пружена можност да ги искаже впечатоците во врска со прославата на свети Кирил преку Радио Ватикан. Во изјавчта, митрополитот Климент меѓу другото рече:

*„Оваа година е света за целиот христијански свет, а посебно за словен-ските народи бидејќи се навршија точно 1100 години од смртта на светиот отец Кирил, творец на првото словенско писмо. Следејќи го повикот на светиот апостол Павле: „ Спомenете ги вашите наставници кои ви го проповедаат словото Божјо...” ние, наследниците на нашите прадедовци, македонските Словени, дојдени сме од Македонија да се поклониме лред гробот иа нашиот прввоучител и просветител Кирил.*

*Македонската православна црква се однесува со поссбен почит спрема словенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј и нивните ученици свети Климент Охридски и свети Наум Охридски, и ги смета „земнија тверди звсзди и светила трисолнечнаго сијанија, благодати јасни проповед-ници, благоглаголиви писании учителие, закона Божија велегласни правовјесници, раја достојни мителие и долнија к горнему наставници”.*

*Македонија не е голема земја, но има голема вера во Господа, а Македонската православна црква е чувар и пазител на тронот на Охридската света црква, чијшто основоположник е еден од првоучените на свстите браќа - свети Климент Охридски.*

*И ние во Македонија ќе го почестуваме споменот на нашитс апостоли преку свети служби и свечени духовни академии.*

*Истовремено изразуваме и искрена благодарност поради вниманието на кое наидовме при нашиот неколкудневен престој во овој вечен град Рим, а по повод 1100-годишниот јубидеј. Посебна благодарност изразуваме и на Радио Ватикан за укажаната можност со оваа наша изјава да бидат запознати неговите многубројни слушатели”.*

Во текот на престојот којшто траеше од 12 до 17 февруари 1969 година, претставниците на Македонската православна црква го посетија Секретаријатот за единство на хрнстијаните при Светата столица, каде што покрај другото, се разговараше за прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква, за којашто беше речено дека е од понов датум, од јуни 1967 година, и декае предмет на интересирање. Домаќините беа информирани дека автокефалноста на најстарата словенска црква на Балканот, односно Охридската архиепископија, којашто постои речиси од времето на свети Кирил Солунски, неканонски беше укината во 1767 година, со ферман на турскиот султан, а по барање на Цариградската патријаршија.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**